**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**СУ-04-41/23-4**
**20.07.2023 година**
**Б И Т О Л А**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Петре Србиновски, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2023, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски соработник - 2 два извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг - листа на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници Су.бр.04-41/23 - 3 од 19.07.2023 година, на ден 20.07.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место судски соработник - 2 два извршители, се избираат кандидатите:

1. **Магдалена Јоцевска - Петковска**
2. **Светлана Јовановска**

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Апелациониот суд Битола во дневните весници “ Вечер“ и “Коха“ на 05.06.2023 година објави Јавен оглас бр.2/2023 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место судски соработник - 2 два извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината ... Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, и по спроведеното интервју до Претседателот на Апелациониот суд на 19.07.2023 година , доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг - листа Су.бр.04-41/23 - 3 од 19.07.2023 година.

Со ранг листата за работното место судски соработник Комисијата за селекција за вработување на судски службеници ги предложи кандидатите Магдалена Јоцевска - Петковска и Светлана Јовановска со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Претседателот на Апелациониот суд Битола имајќи го во предвид Предлогот на кандидати за вработување со утврдена Ранг - листа од 19.07.2023 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување на судски службеници прифати и одлучи за работното место судски соработник - 2 два извршители да бидат избрани кандидатите Магдалена Јоцевска -Петковска и Светлана Јовановска од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраните кандидати, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Предвид на погоре наведеното се одлучи како во изреката на оваа одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
АИ Петре Србиновски с.р,

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба при Врховен Суд.